МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11-4635/2
Датум: 07.06.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 06.06.2022 година изврши увид на лице место на ул.„Ванчо Мицков“ бб по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“ , Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров , Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2, заради реализација на нов нисконапонски приклучок за објект на барател Владо Јадровски.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2. Трасата за новата електричната инсталација започнува од постоечки разводен ормар КРО , продолжува по бекатонска подлога, потоа подолжно по бетонска подлога и дел по земјена подлога од каде што ја поминува ул.„Ванчо Мицков“ со попречен прекоп на асфалтна подлога од каде што продолжува со надолжен прекоп на асфалтна подлога и дел по земјена подлога , потоа по асфалтна подлога со надолжен прекоп до нов разводен ормар КРО-Ф4 лоциран пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 90,6 метри од кои 60метри по земјена подлога, 7метри по подлога од павер елементи, 3метри попречен прекоп на асфалтна подлога,13метри надолжен прекоп на асфалтна подлоган 7,6метри надолжен прекоп на бетонска подлога а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 991,00 денари со вклучено ДДВ, за земјена подлога да уплати износ од 5.664,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 10.620,00 денари со вклучено ДДВ, за надолжен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 15.340,00денари со вклучено ДДВ,за надолжен прекоп на бетонска подлога да уплати износ од 8.968,00 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 41.583,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од бекатонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви,да се постави ситен песок

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот. Ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ11. Ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија,околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви. Ископаниот материјал од ровот од бетонска подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок , останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се бетонира ровот.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски